# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА НА СТРАНЦИ

**Службен весник на РМ, бр. 5 од 13.01.2009 година**

**Член 1**

Во Законот за вработување и работа на странци ("Службен весник на Република Македонија" бр. 70/2007), во членот 2 став (1) точката 5 се менува и гласи:
"5. "Лице под супсидијарна заштита" е странец кој не се квалификува како признаен бегалец, а на кој Република Македонија ќе му признае право на азил и ќе дозволи да остане во рамките на нејзината територија;".
По точката 6 се додава нова точка 7, која гласи:
"7. "Жртва на трговија со луѓе" е странец за кого постојат основани сомневања дека е жртва на кривично дело трговија со луѓе утврдено со Кривичниот законик и на кого, согласно со Законот за странци, му е издадена дозвола за привремен престој поради хуманитарни причини;".
Точките 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18 стануваат точки 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 19.

**Член 2**

Во членот 10 став (5) по зборот "работи" зборовите: "и Министерството за внатрешни работи" се заменуваат со зборовите: "кое по извршената проверка на истото го доставува до Министерството за внатрешни работи и Агенцијата за вработување за постапување согласно со нивните надлежности".
Во ставот (6) по зборот "проверка" се додаваат зборовите: "на барањето од ставот (5) на овој член", а зборот "барањето" се заменува со зборовите: "мислењето по истото".
Во ставот (7) бројот "30" се заменува со зборовите: "15 од приемот на барањето".
Во ставот (8) по зборот "економија" се додаваат зборовите: "и Министерството за внатрешни работи".
Во ставот (12) алинеја 3 по зборот "причини" се додаваат зборовите: "- жртва на трговија со луѓе".

**Член 3**

Во членот 11 по ставот (8) се додаваат три нови става (9), (10) и (11), кои гласат:
"(9) Барањето на домашен или странски работодавач кој има филијала или друга организациска деловна единица на пазарот во Република Македонија и сака да ангажира странски работници, а по добиен одговор од Агенцијата за вработување дека работната сила не може да му биде обезбедена од домашниот пазар на работна сила, го заверува и согласно со Законот за работните односи може да распише јавен оглас преку кој ќе направи избор од пријавените кандидати.
(10) По извршениот избор и потпишаниот договор за вработување од страна на работодавачот, Агенцијата за вработување на работодавачот му издава заверена копија од поднесеното барање.
(11) Завереното барање за издавање на дозвола за вработување со останатите неопходни документи, согласно со Законот за странци, странецот го поднесува до дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство, во државата чиј државјанин е или во државата каде што тој престојува врз основа на дозвола за престој, со цел да започне постапка за добивање на работна дозвола."
Во ставот (9) кој станува став (12) по зборот "Македонија" се додаваат зборовите: "согласно со членот 15 од овој закон".

Во ставот (11) кој станува став (14) по зборот "ставовите" броевите: "(9) и (10)" се заменуваат со броевите: "(11), (12) и (13)".
Ставовите (10), (12), (13), (14), (15) и (16) стануваат ставови (13), (15), (16), (17), (18) и (19).

**Член 4**

Во членот 12 став (3) алинеја 7 зборот "хуманитарна" се заменува со зборот "супсидијарна".
По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:
"(4) Личната работна дозвола се издава на жртви на трговија со луѓе кои имаат стекнато дозвола за привремен престој поради хуманитарни причини за временскиот период на валидноста на дозволата за привремен престој."
Ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14) и (15) стануваат ставови (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11), (12), (13), (14), (15) и (16).

**Член 5**

Во членот 13 став (4) по зборот "статус" се додаваат зборовите: "и странци кои повеќе од три години работат кај ист работодавач и на исто работно место".
Во ставот (6) зборот "четири" се заменува со зборот "шест".

**Член 6**

Во членот 29 став (1) точка 4 зборот "седум" се заменува со бројот "30".

**Член 7**

Насловот пред членот 37 "Надоместок за посебни трошоци" и членот 37 се бришат.

**Член 8**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".